**20090941807**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 став 1 алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОСТОРНИТЕ, МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ УСЛОВИ, КАКО И УСЛОВИТЕ ВО ОДНОС НА КАДАРОТ ЗА ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА КОИ ВГРАДУВААТ УРЕДИ ЗА ПОГОН НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС, НА КОМПРИМИРАН ЗЕМЕН ГАС ИЛИ ДРУГ ГАС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат просторните, материјално-техничките и безбедносните услови, како и условите во однос на кадарот за правните и физичките лица кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг уред.

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

„Гас“ е течен нафтен гас кој претставува смеша на пропан и бутан со UN ознака 1965 и меѓународна ознака LPG (liquefied petroleum gas) и компримиран земен гас чиј работен притисок не надминува 20 MPa (220 bar), со UN ознака 1979 и меѓународна ознака CNG (compressed natural gas);

„Притисок“ е притисок поголем од атмосферскиот притисок на воздухот (надпритисок).

„Уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг гас“ се:

- резервоар за гас;
- арматура на резервоарот за гас;
- прочистувач на гасот;
- испарувач на гас (само за течен нафтен гас);
- регулатор на притисок;
- гасен вентил;
- приклучок за празнење (само за метан);
- вентил за течно гориво (бензин или дизел гориво);
- водови за гас со висок притисок;
- водови за гас со низок притисок;
- водови за средство за греење;
- електрични уреди и инсталации.

## II. ПРОСТОРНИ, МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ, БЕЗБЕДНОСНИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ

### 1.1 Просторни капацитети

Член 3

Правно лице и физичко лице кое вградува уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг уред треба да поседува простории потребни за

вградување на уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг уред и тоа: работен простор (работилница) со димензии најмалку 6 метри х 3 метри за прием на најмалку еден автомобил, односно работен простор (работилница) со димензии од најмалку 14 метри х 4,5 метри ако правното лице вградува уреди и опрема за погон на моторни возила на гас во товарни возила и автобуси.

## 1.2 Материјално-технички капацитети

Член 4

Лицата од членот 3 на овој правилник треба да поседуваат уред кој ќе овозможи работа на возила со пристап од долната страна, во зависност од видот на возилото и видот на гас кој се вградува, заради спречување на создавање смеси со опасни концентрации на гас.

Член 5

Лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат уред за чување (складирање) гас од уреди и опрема за погон на моторни возила на гас согласно одредбите на овој правилник.

Член 6

За вградување на уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг уред, лицата од членот 3 на овој правилник треба да поседуваат механичарски, електричарски и лимарски алат потребен за изведување на инсталациски работи како и посебен алат доколку истото е пропишано од страна на производителот на уредите и опремата за погон на моторни возила на гас.

Покрај алатот предвиден во ставот 1 на овој член, лицата од членот 3 на овој правилник треба да поседуваат и детектор за присутност на гас заради соодветно испитување на непропустливост на гасните уреди и опремата на возилото.

## 1.3 Безбедносни капацитети

Член 7

Лицата од членот 3 на овој правилник треба да поседуваат претходна согласност од Министерството за внатрешни работи за локација на работниот простор вклучувајќи го и складишниот резервоар за гас од 200 литри во согласност со прописите за складирање и заштита на запаливи течности и гасови.

Член 8

Заради соодветна заштита од пожари и експлозии, лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат поставено јасно воочливи ознаки за заштита од пожари и експлозии.

Покрај ознаките предвидени во ставот 1 на овој член, лицата од членот 3 на овој правилник треба да поседуваат уреди за противпожарна заштита во согласност со прописите за заштита и спасување, како и соодветни упатства за сигурна работа и постапување во случаи на пожар и експлозија.

Член 9

За заштита на работниците лицата од членот 3 на овој правилник треба да ги исполнуваат условите предвидени во прописите за безбедност и здравје.

Член 10

Во случаите кога на резервоар за гас односно на возило се вршат работи со отворен пламен или со искреење, а резервоарот за гас не е изваден од возилото, пред отпочнувањето на работите гасот се отстранува од уредот и опремата за погон на моторни возила на гас, преку уредот за чување (складирање) на гас од уреди и опрема за погон на моторно возила на гас предвиден согласно член 5 на овој правилник. Испуштање на гас во атмосфера не е дозволено.

Член 11

За уредите и опремата за погон на моторни возила на гас од членот 2 став 4 алинеи од 1 до 8 на овој правилник, лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат техничко-технолошка документација на производителот за вградување и одржување.

Обврската од ставот 1 на овој член не се однесува за цевките за вентилирање предвидени како заштитно куќиште на арматурата на резервоарот за гас односно заштитното куќиште на резервоарот за гас со арматурата која му припаѓа на резервоарот за гас.

Техничко-технолошката документација од ставот 1 на овој член ги содржи техничките цртежи со сите пресеци, каталошка документација и документација за типско испитување.

Член 12

За уредите и опремата за погон на моторни возила на гас, лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат изјава за сообразност од испорачателот со потврда дека истите ги задоволуваат пропишаните барања и стандарди.

**1.4 Кадровски капацитети**

Член 13

За извршување на работите во врска со вградување на уреди за погон на течен нафтен гас, на компримиран земен гас или друг уред согласно одредбите на овој правилник, лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат вработено најмалку еден работник – сервисер кој има завршено образование од механичарска или електричарска струка и кој поседува документ издаден од овластено правно лице за оспособеност за извршување на работи на уреди и опрема за погон на моторни возила на гас.

Покрај лицето од ставот 1 на овој член, лицата од членот 3 на овој правилник треба да имаат вработено и лица обучени за складирања и дејствија поврзани со складирања на опасни материи (запаливи течности и гасови).

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.14.1-49465-1
27 јули 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.